Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *музичко образование* за V одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

V Одделение

Август 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет *музичко образование* се базира на резултатите од учење и стандардите за оценување предвидени со новата наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови и наставни часови во траење од 30 минути, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од резултатите на учење и стандардите за оценување, определените поими, активности и методи утврдени во редовната наставна програма по музичко образование.

2. **Преглед на теми и наставни единици**

| ТЕМА 1. ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (24 часа)<br>(пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење, бројалки, брзозборки, музичко – ритмичко движење) |
|---|
| **Наставни соржини:**<br>**Бројалки**<br>- Изговарање на бројалки со различно, темпо (забавување и забрзување), динамика (појачување и стишување)<br>- Ритмизирање на бројалки со различни траења<br>**Брзозборки**<br>- Обработка на брзозборка (правилен изговор со јасна дикција, изведба со постепено забрзување и |

| |
|---|
| појачување/стишување)<br><br>**Пеење кратки музички целини по слух (со текст и на неутрален слог)**<br>**Пеење на кратки музички целини со примена на нотен запис со тонови: до, ре, ми, фа, сол, ла, си, до2 (до-„горно“) и траења: осмини, четвртини, половини и цели ноти и соодветни паузи со тактирање во 2/4 и 3 / 4 такт**<br>**Обработка на детски, уметнички и народни песни со опсег до1 – до2 по слух**<br>- (по избор на наставникот според дадените препораки)<br>**Обработка на детски, уметнички и народни песни со опсег до1 – до2 (со примена на нотен запис)**<br>**Свирење кратки целини на ДМИ** (ритмички и мелодиски) по слух и по нотен запис<br>**Музичко-ритмички движења** (чекорење, марширање, потскокнување)<br>**Танцување** (едноставни детски танци, едноставни движења на валцер)<br>**Народни ора**<br>**Музичко изразување и творење** (музички игри и драматизации)<br>**Музичко изразување и творење на учениците преку изучените елементи од музичката писменост**<br><br>***Обработката на оваа тема треба да се заснива на музички примери понудени во редовната наставна програма по музичко образование.*** |
| ТЕМА 2. СЛУШАЊЕ МУЗИКА (**24 часа**) |
| Наставни содржини:<br>**Слушање на целосни вокални, инструментални и вокално-инструментални музички дела различни по карактер и содржина во основни видови на темпо/динамика и промените на темпото/динамиката**<br>- Слушање на вокални, инструментални и вокално-инструментални музички дела различни по карактер и содржина<br>- Слушање на вокално, инструментално и вокално-инструментални музички дела во основни видови на темпо и промени на темпото, бавно и брзо<br>- Слушање на вокално, инструментално и вокално-инструментални музички дела во основни видови на динамика и промени на динамиката, тивко и гласно |

**Музички дела во различни изведби (обработки)**

**Музика од цртани и играни филмови за деца**

- Слушање музика од цртани филмови за деца
- Слушање музика од играни филмови за деца

***Обработката на оваа тема треба да се заснива на слушање музички примери, разговор за примената на музиката во нив, воочување на музичките карактеристики (изведувачки состав, темпо, динамика и др. според интерес и можности на учениците) При избор на композиции кои ќе се обработуваат, наставникот може да се раководи и да зема примери кои се понудени во редовната наставна програма по музичко образование.***

| ТЕМА 3. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ ( 10 часа ) |
| --- |
| **Наставни содржини:**<br>- **Поставување (пишување) на тоновите: фа, си и до2 на петолиние**<br>- **Тонска скала**<br>  **C-dur скала**<br>- **Абецедно читање на тоновите**<br>- **Интервали: прима, секунда и октава**<br>- **Ритам: такт 2/4, 3/4**<br>- **Ритам: осмина нота и осмина пауза**<br>- **Прва и втора волта** |
| 4. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО (6 часа) |
| **Наставни содржини:**<br>- **Музички фолклор и неговите елементи**<br>- **Народни песни на Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Србите, Власите, Бошњаците (по избор на наставникот во функција на резлизација на резултатите на учење)**<br>- **Народни ора на Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Србите, Власите, Бошњаците (по избор на наставникот** |

| |
|---|
| **во функција на резлизација на резултатите на учење)**<br>- **Народни музички инструменти** |

**3. Дидактички препораки**

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет музичко образование е редовната наставна програма која се заснива на резултати од учење, содржини и поими, активности, методи и стандарди за оценување. Во скратената наставна програма опфатени се сите програмските теми и наставни содржини од редовната наставна програма. За секоја тема, ориентационо е даден вкупниот број на часови што треба да се реализираат. Врз основа на тоа и согласно наставните содржини, наставникот планира, наставни единици кои треба да ги реализира во рамки на 159 наставни дена со наставен час во траење од 30 минути. Ефикасната реализација на наставните содржини според оваа наставна програма, особено формирањето на поимите од страна на учениците, многу зависи од соодветниот избор на музички примери. Затоа наставникот при планирање и реализација на скратената наставна програма по музичко образование треба да се користи со понудениот избор на музички примери, активности и методи од редовната наставна програма. Имајќи ги предвид резултатите од учење, тој може да направи и сопствен избор на аудио и видео записи, при што треба да внимава тие да се со квалитетна изведба, да соодветствуваат на програмските барања и возраста на учениците.

Наставните содржини по музичко образование овозможуваат интегрирано внатрешно планирање помеѓу наставните теми, како и надворешно интергрирано планирање со други наставни предмети. Најефикасни методи на учење во наставата се оние методи, кои учениците ги ставаат во адекватна активна улога. Од таму наставникот при реализација на наставата по музичко образование треба да ги избере оние методи кои ќе овозможат учениците да станат активни учесници и корисници на музичката култура. Во севкупното планирање на наставата, наставникот треба да ги земе предвид претходно стекнатите знаења на учениците, (усвоените бројалки, брзозборки,ituеснички и сл) и истите да ги гради и надополнува со нови примери во функција на остварување на основните резултати од учење и кои ќе му овозможат на ученикот успешен премин во следното одделение, односно основа врз која може да се надоградува неговото музичко знаење во понатамошните фази на

образованието. За што поуспешно остварување на програмските резултати кои наставникот треба да ги постигне реализирајќи ја наставата во рамките на час од триесет минути, потребно е да се направи функционално поврзување на содржините од повеќе наставните предмети или нивни делови (тематски целини), земајќи ја предвид нивната самостојност, систематичност и логичност. Целното-функционално поврзување на содржините од наставната програма по музичко образование (се интегрираат целите преку наставните содржини, вертикално - со целите на претходната и следната тема) како и интегрираното планирање на наставата по музичко образование со наставни содржини од различни наставни предмети и/или теми во една целина, им овозможува на учениците на еден целовит, едноставен и интересен начин да можат да се стекнуваат со нови сознанија. Како во редовната, така и при реализацијата на скратената наставната програма по музичко образование наставникот треба да го поттикнува и охрабрува секој ученик во неговото музичко изразување и при тоа да внимава да не се се создаде атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет *музичко образование* за петто одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/2021 година ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/192
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска